**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-4184/1

Скопје 27.09.2017г.

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата за 27 септември 2017г.**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува третиот дневен извештај за 27 септември 2017 година.

Во рамки на овој извештај, Ве информираме дека Агенцијата својот јавен состанок, трети по ред годинава, што се одржа денеска со почеток во 12 часот, меѓу другото, го посвети на презентација, односно повторно потсетување на правилата за изборно медиумско претставување од Изборниот законик во контекст на Локалните избори 2017 година, и на Методологијата според која Агенцијата го врши мониторингот.

На состанокот беа поканети сите радија и телевизии во Република Македонија и други релевантни субјекти, и се пренесуваше во живо на Јутјуб каналот на Агенцијата.

Презентациите од јавниот состанок се достапни на веб страницата на Агенцијата.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009